Уп. бр. 08-48

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Алвин Интернатионал АГ (Allwyn International AG), со регистрирано седиште на адреса Мухленплац 9, 6004, Луцерн, Кантон Луцерн, Швајцарија, преку Адвокатско друштво Георги Димитров Адвокати од Скопје, на седницата одржана на ден 27.03.2025 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Алвин Интернатионал АГ (Allwyn International AG), со регистрирано седиште на адреса Мухленплац 9, 6004, Луцерн, Кантон Луцерн, Швајцарија, стекнува самостојна контрола над Логфлекс МТ Холдинг Лимитед (Logflex MT Holding Limited), со регистрирано седиште на адреса MBX Зграда, Канцеларија бр. 1, улица Оратори, Наксар, НКСР 2504, Малта**,** иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 26.02.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од страна на Алвин Интернатионал АГ со регистрирано седиште на адреса Мухленплац 9, 6004, Луцерн, Кантон Луцерн, Швајцарија, со која Алвин Интернатионал АГ стекнува самостојна контрола над Логфлекс МТ Холдинг Лимитед со регистрирано седиште на адреса MBX Зграда, Канцеларија бр. 1, улица Оратори, Наксар, НКСР 2504, Малта**,** по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и

прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Алвин Интернатионал АГ е 100% зависно друштво на Алвин АГ (Allwyn AG), холдинг друштво основано во Швајцарија, кое стекнува и управува со удели во компании од индустријата на игри и е друштво-мајка на Алвин Групацијата (Allwyn Group).

Алвин Групацијата е мултинационален оператор на лотарија со значително присуство во Австрија, Чешката Република, Грција, Кипар, Италија, Обединетото Кралство и Соединетите Американски Држави (Илиноис), и истата крајно е поседувана од ККЦГ Групацијата (KKCG Group).

ККЦГ Групацијата инвестира во повеќе бизнис области, вклучително лотарии и игри на среќа, енергетика, недвижности, и информатички технологии.

Во Република Северна Македонија, ККЦГ Групацијата е присутна на пазарот на работење со терминали за видеолотарија и пазарот на информатичка технологија, и ги има следните зависни друштва во Северна Македонија:

- КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со седиште на бул. Киро Глигоров бр. 2, Скопје – Гази Баба, со приоритетна дејност Дејности на коцкање и обложување;
- Државна Видеолотарија на Република Македонија – Касинос Аустриа ДОО Скопје, со седште на бул. Киро Глигоров бр. 2, Скопје – Гази Баба, со приоритетна дејност Дејности на коцкање и обложување;
- КИНШИФТ ДООЕЛ Скопје (со претходен назив Сеавус ДООЕЛ Скопје), со седиште на ул. 11ти октомври бр. 33а / центар 1, Скопје-центар, центар, со приоритетна дејност Компјутерско програмирање;
- КИНШИФТ АКАДЕМИ ДООЕЛ Скопје (со претходен назив СЕАВУС ЕДУКАТИВЕН И РАЗВОЕН ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје) со седиште на ул. ул. 11ти октомври бр. 33а / центар 1, Скопје-центар, центар,со приоритетна дејност Друго образование, неспоменато на друго место
- МУСАЛА СОФТ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. 11ти октомври бр. 33а центар 1, Скопје-центар, центар, со приоритетна дејност Компјутерско програмирање.

Логфлекс МТ Холдинг Лимитед е активно во областа на онлајн спортско обложување и онлајн казино.

Логфлекс МТ Холдинг Лимитед нема зависни друштва во Северна Македонија и на ниту еден начин не е присутно на пазарот на Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 (в) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Сиљановска Николиќ**